


# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ    НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 23-28 март  2025 Билтен бр. 590

# ШТОТУКУ СПРЕЧЕН ПОЖАР ВО КАРПОШ, СТОРИТЕЛИТЕ ФАТЕНИ НА ДЕЛО

**На 23 март, на дојава на граѓанин од општина Карпош, на локација во близина на алпинистичка карпа во непосредна близина на бетонската база на „ЕНГ Бетон“ (на кејот на реката Вардар), беше забележан оган од поголеми размери. Во случајов, општинските инспекциски служби веднаш реагираа и ги известија службените лица од полициската станица Карпош, а случајот го пријавија и до противпожарните единици, при што во најкус можен рок надлежните излегоа на терен и го локализираа пожарот. Сторителите се фатени на лице место како палат и истите ќе бидат санкционирани.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ДОНИРАШЕ МИЛИОН ДЕНАРИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ПОЖАРОТ ВО КОЧАНИ

**На предлог на градоначалникот Стевчо Јакимовски, минатата недела заседаваше Советот на Општина Карпош на вонредна седница, со единствена точка на дневниот ред, доделување на финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот кој се случи неодамна во Кочани.**

**Седницата започна со едноминутно молчење, во знак на почит кон жртвите кои ги загубија своите животи во оваа трагична несреќа. Оттука советниците од Карпош донесоа едногласна одлука, локалната самоуправа како чин на солидарност и сочувство кон семејствата на загинатите и повредените во катастрофалниот пожар, да додели парична помош во висина од еден милион денари. Средствата ќе бидат уплатени на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ, во фондот за солидарност.**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Поради екстремно зголемен обем на работа на инспекторите, кои покрај редовните обврски , вршат проверка на сите деловни објекти како и станбени згради за потребна документација во врска со урбана опрема и противпожарна заштита, до завршување на акцијата приемен ден во Сектор Инспекторат ќе биде само четврток од 12.00 до 15.00 часот. По завршување на акцијата ќе бидете известени за враќање на вторник како приемен ден.**

## ОПШТИНАТА ПРИМОРАНА САМА ДА СЕ ГРИЖИ ЗА СПОРТСКАТА САЛА „ПАРТИЗАН"

**Покрај тоа што Агенцијата за млади и спорт најавуваше дека ќе и ја предаде на Општина Карпош култната сала „Партизан", како сосема нов, современо реконструиран и целосно опремен спортски објект, сепак очекувањата не се исполнија во целост. По тој повод градоначалникот Стевчо Јакимовски, денеска направи обиколка на објектот, каде годинава за првпат основците од Карпош ќе ја користат оваа сала, во рамки на пролетниот дел од училишните спортски лиги во кошарка и одбојка, кои традиционално ги организира Општината.**

**За жал, можам само да констатирам дека Агенцијата за млади и спорт ни ја даде спортскава сала буквално празна, без било каков реквизит. Долго време разговаравме и со претходното раководство како и со сегашниот министер за спорт, но без успех. Затоа, ние како локална самоуправа распишавме тендер и со 1.060.000 денари купивме два нови централни кошови, фудбалски голови, мрежа за одбојка, рипстоли, ги опремивме соблекувалните со нови клупи и други реквизити. Во исто време морам да кажам дека имаме делови од објектот каде веќе се појави и влага, што значи дека салата е изработена неквалитетно. За ова го известивме и сегашниот министер за спорт, но оттаму немаме никаков одговор – посочи Јакимовски.**

**Тој напомена дека спортската сала нема вистински услови да функционира од аспект на тоа што објектот не е приклучен на никаков систем за греење, а не се обезбедени ни радијатори ниту пак други грејни тела.**

**Во ситуацијава, никој не нѐ прашува дали Општината има пари за оваа намена или нема. Сепак ние како институција ќе мора самите да најдеме решение и да ги обезбедиме тие дополнителни средства. Но, она што за нас е особено важно е изведувачот кој го реконструирал објектот, да го остави во состојба да биде одржлив барем во наредните три до четири години. Тоа значи, да не протекува вода во објектот и да не се појавува влага, каква што е состојбата во случајов. А пак да не зборувам за базенот во рамки на спортскиов центар, кој веќе неколку години стои недовршен – додаде Јакимовски.**

**Во ситуацијава, никој не нѐ прашува дали Општината има пари за оваа намена или нема. Сепак ние како институција ќе мора самите да најдеме решение и да ги обезбедиме тие дополнителни средства. Но, она што за нас е особено важно е изведувачот кој го реконструирал објектот, да го остави во состојба да биде одржлив барем во наредните три до четири години. Тоа значи, да не протекува вода во објектот и да не се појавува влага, каква што е состојбата во случајов. А пак да не зборувам за базенот во рамки на спортскиов центар, кој веќе неколку години стои недовршен – додаде Јакимовски.**



# ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈАТА НА КАРПОШАНЕЦОТ ТАКИ ПАВЛОВСКИ

**Големиот уметник Таки М. Павловски (12.05.1939 – 17.05.2023), кој беше одликуван за заслужен граѓанин на Општина Карпош, денеска постхумно беше промовирана неговата монографија за творештвото на неговата љубов, сликарството. Изданието е насловено ,,Едиција- Таки Павловски – 55 години творештво (1966-2021) во 17 тома. Претходното издание на монографијата „Едиција – Таки Павловски – 50 години творештво (1967 – 2017)“ во 10 тома беше објавено во 2018 година.**

**Локалната самоуправа и Советот на Општина Карпош, на карпошанецот Таки М. Павловски, му доделија финансиски средства во износ од 300.000 денари, како надомест за покривање на трошоците направени за издавање на монографијата.**

**На промоцијата присуствуваше и градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој истакна дека македонскиот уметник Таки Павловски, пред се беше извонредно тивок човек со многу мудрости.**

**-Морам да признаам дека нашиот Таки Павловски прерано не напушти, но останаа дела кои се многу значајни, не само за македонската уметност, туку и пошироко. Благодарение на тогашниот премиер Благој Попов, кој што по негова наредба кога се градел булеварот ,,Партизанска”, овозможил да се направат ателјеа за околу 65 уметници и архитекти и со тоа го збогати духовниот дел на Општина Карпош. Значењето на големиот Таки Павловски како и неговото творештво беше причина локалната самоуправа да го прогласи за заслужен граѓанин, што особено ми е драго. И натаму ќе ги поддржуваме ваквите иницијативи и промоции, а тој имаше еден оставен аманет, едно негово дело да биде во просториите на новата Општинска зграда – истакна Јакимовски.**

**Покрај промоцијата на изданието, во Музејот на град Скопје од 27 март до 27 април ќе биде поставена изложбата „Таки М. Павловски: Објекти – градби“ (селектирани дела, дел никогаш (не)изложени). Незаборавениот Таки М. Павловски оствари значаен придонес во развојот на македонската ликовна уметност и култура и е еден од најистакнатите македонски уметници од својата генерација.**




## ЈАКИМОВСКИ: САМО ЕДНА ОД 800 ЗГРАДИ ВО КАРПОШ ГИ ИСПОЛНУВА СИТЕ ПРОПИСИ, ДВА НОЌНИ КЛУБОВИ ОДБИВААТ СОРАБОТКА И СЕ СТАВААТ НАД ЗАКОНИТЕ!

**Од досегашната контрола на станбените објекти во општина Карпош утврдено е дека само една од 800 згради во општината ги исполнува сите законски прописи за безбедност, соопшти денеска градоначалникот на општина Карпош.**

**– По проверките на станбените објекти, ресторанитe, кафулиња, диско клубовите, ноќните клубови, одѕивот беше многу голем. До сега се отповикале 330 влезови од згради. Инаку општина Карпош има 820 згради и 1.500 влезови. Значи, до сега одговориле 330 и уште 250 се јавиле на нашите телефони за дополнителни инструкции. Од онаа контрола што е направена од нашите инспекциски служби, само една зграда е исправна, како што викаат по ПС (правила на службата). Тоа е зградата на Адора. Значи има 41 противпожарен апарат. Во 18 станови исто така има ПП апарати. Има повеќе апарати со ЦО2 за гасење на пожар од електрична инсталација. Има уште еден специјален систем за гасење на пожар, панични светла и се што треба по ПС. Значи само една зграда во Карпош е таква каква што треба, како што бара законот. За жал не можеме истото да го кажеме за другите згради.**

**Градоначалникот соопшти дека информациите што ги добиваат службите во општината ги праќаат до Дирекцијата за заштита и спасување, но оттаму нема никаков повратен одговор.**

–	Сите овие добиваат инструкции што треба да направат од страна на нашите служби. Нашите служби се јавуваат директно во Дирекцијата за заштита и спасување, праќаат меилови... но ги нема нигде. Дали се отселени на друга планета, или што се случува со нив, за да ние тоа го работиме во координација, за евентуално инструкции да добиеме во оваа работа, но за жал тоа го работиме сами, иако најодговорен за оваа работа е ДЗС, вели Јакимовски.

Првиот човек на општината информира и дека се пишани 21 казна на локали кои воопшто не отпочнале постапка за обновување на дозвола,  една казна е напишана за не исполнување на еколошките стандарди, а два ноќни клубови одбиваат соработка со инспекторите, при што едниот се заканувал дека тој бил закон.

Што се однесува до почитување на еколошките стандарди, проверени се 110 објекти, од тие 90 се е во ред, на 18 соодветните елаборати им се во постапка на изработка, еден е во тек на реновирање, и на еден му е пишана казна затоа што и претходно бил опоменуван и не постапил согласно напатствијата на инспекторот за екологија. Правните лица секаде имаат ПП апарати, хидранти итн... значи со правните лица имаме најмалку проблем. Што се однесува до кафеаните, кафулињата, ноќните клубови, дискотеките, состојбата е следна: од 115 проверени сите имаат ПП апарати, во 60 летните тераси се во ред, пишана е 21 казна бидејќи воопшто не ја отпочнале постапката за обновување на дозволата и остатокот се во постапка за добивање на согласност во Град Скопје. Овде морам да кажам дека со новиот Закон за локална самоуправа треба да се прекине со тоа двојство. Значи на територија на општина Карпош ако издаваме одобренија за градби, треба да издаваме и одобренија за овие тераси. Зашто ни се летни тераси? Ни се случува двојство. Често пати граѓаните не се согласуваат со дадената дозвола за тоа место, а тоа често пати се прави и без консултација со локалната самоуправа. Морам да кажам дека два ноќни клубови не соработуваат со инспекторите. Тоа се клубовите Пјур и Мош. Не соработуваат. Дури за едниот клуб, колегата има поведено постапка како диоградба пред неколку месеци и кога го посетил сопственикот го прашал зошто доаѓа? Вика, затоа што законот така бара... Тој му одговорил дека и тој бил закон! Јас одговорно тврдам дека овие сопственици на ноќни клубови се сива еминенција во средините каде што живеат  и си дозволуваат малку повеќе од тоа што треба. Значи и покрај тоа што одбиваат соработка, ние ќе ја тераме постапката до крај и како што бара законот односно отстранување на нивните објекти. Нагласи градоначалникот Јакимовски.